Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 42/0306
23.03 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 февруари 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот со наслов „Таа е мала ама КИЛОМЕТРАЖАТА И Е ГОЛЕМА, новата девојка на Леонардо ди Каприо“, објавен на порталот Вечер на 05 февруари 2023 година, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 7 февруари 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за текстот со наслов „Таа е мала ама КИЛОМЕТРАЖАТА И Е ГОЛЕМА, новата девојка на Леонардо ди Каприо“, објавен на порталот Вечер.мк на 05 февруари 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина има прекршувања на членовите: 3, 4 и 10. Поконкретно, жалителот истакнува дека текстот содржи наслов со кој се повредува достоинството на жената, се користи шовинистички, сексистички и мизоген говор, жената се става во подредена позиција и се повредува начелото на рамноправност помеѓу мажот и жената.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со редакцијата на порталот Вечер.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 01 февруари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата не утврди прекршување на членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој „новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност…).“

Факт е дека насловот на текстот содржи израз („...километражата ѝ е голема“) што во конкретниот општествен контекст може имплицитно да носи значење на сексистички или дискриминирачки говор. Сепак, ваквото толкување не мора да е еднозначно, односно изразот може да се толкува и на други начини, дотолку повеќе што во самиот текст нема ништо поврзано со тоа. На пример, во разговорниот јазик изразот може да се толкува и поинаку, т.е. да упатува на лице што има богато искуство во сé што работи, во случајов би се однесувало на нејзиното искуство како инфлуенсерка.

Оттука, Комисијата не констатира повреда на членот 10, ниту пак на другите одредби од Кодексот на новинарите, на кои упатува жалителот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски — Претседател на Комисијата за жалби

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595